Информации за заштита на податоци при рекламирање

Во оваа информација за заштита на податоци, ви ги обезбедуваме задолжителните информации за обработка на вашите лични податоци. Во врска со обработката, се придржуваме до важечкиот закон за заштита на податоци, а особено со Регулативата (ЕУ) 2016/679 за заштита на физички лица во врска со обработката на личните податоци и за слободното движење на таквите податоци, како и за укинување на Директивата 95/46/ЕС (Општа регулатива за заштита на податоците или "ОРЗП") и соодветното словенечко законодавство кое се однесува на заштитата на личните податоци

I. Кој е одговорен за обработка на личните податоци?

Контролорот задолжен за обработка на лични податоци е УРСА СЛОВЕНИЈА, д.о.о., 8000 Ново Место, Повхова улица 2, Словенија. Секое повикување на "ние" или "нас" во оваа информација за заштита на податоци е упатување на горенаведениот субјект.

Координаторот за заштита на податоците може да се контактира горенаведената адреса или преку е-маил, на: privacy@ursa.com.

II. Какви податоци обработуваме? За какви цели и врз кој правен основ обработуваме лични податоци?

Преку нашиот образец за контакт ви нудиме различни информации и советодавни опции. Во зависност од опцијата која ќе ја изберете, обработуваме различни лични податоци:

1. Информации по пошта/електронска пошта. Доколку сте побарале испраќање на информативен материјал, ние ги обработуваме податоците што ги доставувате во образецот за контакт, најмалку вашето име и презиме и деталите за каналот за контакт кој сте го одбрале (пошта и/или е-пошта) за еднократно испраќање на материјалот кој сте го побарале.

2. Консултации по телефон. Доколку сте побарале консултација по телефон, ќе ги обработиме податоците кои ги обезбедувате во образецот за контакт, најмалку вашето име и презиме и телефонскиот број, со цел да ви ја обезбедиме бараната консултација по телефон.

3. Лична консултација. Доколку сте побарале лична консултација, ќе ги обработиме податоците што ги доставувате во образецот за контакт, најмалку вашето име и презиме, како и вашиот телефонски број и/или е-маил адресата, за да ве контактираме со цел да организираме состанок за лична консултација.

4. Билтен по е-маил. Ако сте се пријавиле за нашиот електронски билтен, ќе ги обработиме податоците кои сте ги дале во образецот за контакт, најмалку вашето име и презиме, како и вашата е-маил адреса, за да ви го испратиме нашиот електронски билтен.

5. Правен основ. Ги обработуваме ваквите лични податоци врз основа на вашата согласност и според Член 6 (1) а) од GDPR.

III. Дали постои обврска за давање на лични податоци? Можам ли да ја повлечам мојата согласност?

Давате согласност и ја избирате вашата информација и консултација на доброволна основа. Затоа, не сте обврзани да давате лични податоци. За да можеме да ги задоволиме вашите барања за информации и консултации, Ви ги бараме податоците означени како задолжителни во полиња во образецот за контакт.

Можете да ја повлечете вашата согласност во секое време без да дадете причини за истото, едноставно, со тоа што ќе не контактирате. Исто така, во секоја електронска порака имате линк за одјавување.

IV. Кој може да пристапи до вашите лични информации?

Никогаш не ги испраќаме вашата е-адреса или други податоци за контакт на трети лица. Податоците ќе бидат пренесени само доколку тоа е неопходно за да се усогласиме со барањата за информации/консултации. Во тој контекст, ние исто така некогаш ангажираме надворешни даватели на услуги и други компании од групацијата, земајќи ги во предвид важечките законски прописи.

Ќе ги споделиме вашите информации само со следниве категории примачи за да ги исполниме вашите барања за информации/консултации:

- Со даватели на услуги во нашата групација на компании (на пример, за да обезбедиме статистичка анализа и техничко одржување за нашите системи).

- Надворешни даватели на услуги кои обезбедуваат услуги во наше име и на посебна договорна основа, како што се собирање на вашите податоци, хостирање на нашите веб-страници, одржување на нашиот центар за повици, испраќање на е-маилови или писмени информации или обезбедување лични совети.

Покрај тоа, може да пренесеме податоци и на други приматели (на пример, јавни институции) до степен до кој сме должни да ги пренесеме вашите лични податоци врз основа на законска обврска на која сме подложни.

V. Дали користиме автоматизирано донесување на одлуки?

Во текот на нашите директни маркетинг активности, генерално не користиме автоматизирано донесување на одлуки (вклучувајќи профилирање) во смисла на член 22 од ОРЗП. Доколку применуваме вакви процеси во иднина, ќе ги информираме лицата одделно, во согласност со важечките законски одредби.

VI. Дали податоците се пренесуваат во земји надвор од ЕУ/ЕЕО?

Личните податоци се обработуваат само во рамките на Европската унија или Европската економска област; немаме намера да пренесуваме лични податоци во други земји.

VII. Колку долго се чуваат податоците?

Обично ги чуваме личните податоци се додека имаме оправдан интерес за задржување на таквите податоци и тука не преовладува интересот на субјектот на податоците за воздржување од понатамошната обработка. Дури и без оправдан интерес, можеме да продолжиме да ги чуваме податоците доколку постои законска обврска (на пример, за да се усогласиме со законските обврски за чување на податоци). Ние ги бришеме личните податоци дури и без барање од субјектот на податоци веднаш штом нивното понатамошното чување повеќе не е потребно за целите за кои податоците биле собрани или на друг начин обработени или доколку понатамошното чување не е на друг начин дозволено со закон.

Што се однесува на погоре наведената обработка, ние:

a. ќе ги избришеме податоците кои се користат за испраќање на информации преку пошта/е-маил откако ќе ви бидат испратени информациите.

b. ќе ги избришеме податоците кои се користат за консултации по телефон или лични консултации откако ќе заврши консултацијата, доколку не дадете ваша согласност за понатамошна обработка на вашите податоци (на пример, за да продолжите со консултациите) или понатамошното чување не е потребно за други цели (на пример, за да ви испратиме конкретна понуда врз основа на консултациите).

c. ќе ги чуваме податоците за да го подготвиме и испраќаме по е-маил, билтенот, сè додека не ја повлечете вашата согласност или не се спротивставите на обработката на податоците со помош на други средства. Ние смееме да ги чуваме вашите податоци и во овие случаи за да се осигуриме дека нема да добивате дополнителни е-маилови од нас (црна листа).

Доколку личните податоци треба да се чуваат за да се усогласиме со некаква законска обврска, таквите податоци се чуваат до крајот на соодветниот период за чување. Доколку личните податоци се обработуваат само за да се усогласиме со законската обврска за чување, пристапот до такви податоци обично се ограничува, така што податоците се достапни само доколку се потребни за целите на обврската за чување.

VIII. Кои се вашите права како субјект на податоци?

Како субјект на податоци, под одредени услови, можете:

- Да побарате пристап до вашите лични податоци, член 15 од ОРЗП;

- Да побарате исправка на неточни лични податоци, член 16 од ОРЗП;

- Да побарате бришење на вашите лични податоци, член 17 од ОРЗП;

- Да побарате ограничување на обработката на вашите лични податоци, член 18 од ОРЗП;

- Да го остварете го вашето право на преносливост на податоци, член 20 од ОРЗП;

- Да се спротивставите на обработката на вашите лични податоци, член 21 од ОРЗП.

Горенаведените права може да ви бидат потврдени, на пример, со обезбедување на известување до нас преку деталите за контакт наведени на првата страница од оваа информација за заштита на податоци.

Во случај на дополнителни прашања, можете да стапите во контакт со нашиот координатор за заштита на податоци со испраќање на е-меил на следнава адреса: privacy@ursa.com.

Освен тоа, имате право да поднесете жалба во врска со обработката на вашите лични податоци кај надлежниот надзорен орган, член 77 од ОРЗП.

* * *